# Вовед

Овој Проспект претставува јавен повик за купување на удели во отворениот инвестициски фонд ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ.

Проспектот ги содржи сите потребни информации врз основа на кои потенцијалните вложувачи можат да донесат разумна одлука за вложување во инвестицискиот фонд. Податоци кои согласно Законот за инвестициски фондови треба да им се достапни на вложувачите се содржани и во Статутот на фондот.

Пред донесувањето на одлука за вложување секој потенцијален инвеститор е должен внимателно да ги прочита одредбите од Проспектот и Статутот на отворениот инвестициски фонд ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ со цел да дознае за каков вид на вложување станува збор, како и ризиците поврзани со вложувањето во инвестицискиот фонд



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

**Содржина**.......................................................................................................2
I ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД ..........................................................................5
1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД .......................................................5
1.1. Назив на фондот.........................................................................................................5
1.2. Вид/тип на фондот .....................................................................................................5
1.3. Идентификациски број на фондот...........................................................................5
1.4. Датум на организирање и број на решението за давање одобрение за организирање на отворениот фонд од Комисијата за хартии од вредност или друг соодветен регулатор .............5
1.5. Времето на постоење на инвестицискиот фонд......................................................5
1.6. Место каде што може да се добие примерок од Проспектот, статутот и клучните информации за инвеститорите на отворениот инвестициски фонд или дополнителни информации за фондот, како и полугодишни и ревидирани годишни извештаи .........................5
1.7. Законска рамка за работењето на инвестицискиот фонд и регулаторен режим на кој подлежи.......................................................................................................................5
1.8. Даночни права и обврски на инвеститорите ..........................................................6
1.9. Политика на распоредување на добивката на фондот ..........................................6
1.10 Податоци за начинот на пресметка на учеството во добивката..........................6
1.11 Фирма и седиште на друштвото за ревизија .........................................................6
2. ДЕТАЛИ ЗА ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УДЕЛИТЕ НА ОИФ: ..........................6
2.1 Природата на правата кои произлегуваат од уделите во отворениот инвестициски фонд: ...6
2.2 Права кои произлегуваат од уделите .......................................................................7
2.3 Претпоставки под кои е дозволено да се покрене ликвидација на фондот, самата постапка на ликвидација на фондот, како и постапките кои би требало да се преземат согласно закон пред да се спроведе ликвидацијата: ...............................................................................7
2.4. Постапка и услови за издавање на удели, минималниот износ на поединечни вложувања во фондот, постапка и условите на запишување и издавање на уделите, почетна цена на уделите, постапка и услови за понуда на уделите, постапка и услови за откуп и исплата на уделите, и околностите под кои може да дојде до прекин на издавањето или откупот на уделите на фондот:.........................................................................................................9
2.5. Информации за начинот и правилата за пресметување и користење на приходите или добивката на фондот од страна на имetелите на удели: ..................................................12
2.6. Принципи на вложување на средствата, како и типот на средства во кои е дозволено вложувањето, односно категории на средства и видови на финансиски инструменти во кои ќе бидат инвестирани средствата на фондот ......................................................................12
3. ОПИС НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ВЛОЖУВАЊАТА НА ОИФ.............................13
А) ДЕТАЛЕН ОПИС НА ИНВЕСТИЦИСКАТА ПОЛИТИКА/СТРАТЕГИЈА И ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ЦЕЛИ ..............................................................................................13
Б) ПЛАНИРАНА СТРУКТУРА НА ПОРТФОЛИОТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД: .......14



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

4. ПРОФИЛ НА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ РИЗИЦИ И УСПЕШНОСТА ........................................15
4.1 Видовите на инвестициски ризици ........................................15
4.2. Ризиците поврзани со друштвото за управување и начинот на управување со тие ризици 18
4.3 Изјава ........................................19
4.4. Изјава ........................................19
4.5. Дозволени вложувања во деривативни финансиски инструменти ........................................20
4.6 Изјава ........................................20
4.7 Волатилност на нето вредноста на имотот на фондот ........................................20
4.8. Начинот и времето на пресметка на нето вредноста на имотот на фондот, како и основата врз основа на која се пресметува нето вредноста на фондот........................................20
4.9. Времето, начинот и зачестеноста на пресметка на цените на уделите, како и начинот на објавување на тие цени, опис на износот и зачестеноста на плаќањето на дозволените надоместоци и трошоци за издавање и откуп на уделите........................................20
5. ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИНОСОТ НА ФОНДОТ ........................................21
6. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ И ИНВЕСТИТОРОТ ........................................22
6.1 Надоместок за управување со фондот ........................................22
6.2.Надоместок на депозитарната банка........................................22
6.3 Трошоци во врска со купопродажба на имотот на фондот........................................22
6.4. Други трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето........................................23
7. ЦЕЛЕН ПАЗАР И СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ ........................................24
8. ЦЕЛНА ГРУПА НА ИНВЕСТИТОРИ ЗА КОИ Е НАМЕНЕТО ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ОВОЈ ОИФ СОГЛАСНО МОТИВИТЕ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ И ИНВЕСТИЦИСКИОТ ХОРИЗОНТ, ПОЗНАВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И ТОЛЕРАНЦИЈАТА НА РИЗИКОТ ОД ВЛОЖУВАЊЕТО........................................24
9. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ГОДИНА ........................................28
10. ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ........................................28
II ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ........................................28
1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО. ........................................28
2. ПОДАТОЦИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ СО КОИ УПРАВУВА ........................................29
3. ЧЛЕНОВИ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО: ........................................29
4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИОНЕРИ КОИ ИМААТ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ДРУШТВОТО ........................................34
5. НАЗИВ, СЕДИШТЕ И МАТИЧЕН БРОЈ, ДАТУМ НА ОСНОВАЊЕ И НЕГОВ УПИС ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ЗА СЕКОЕ ДРУШТВО КОЕ ДЕЛУВА КАКО СОВЕТНИК НА ОИФ-ОТ, КАКО И ИМЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ИЛИ ДРУГИТЕ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ТИЕ ДРУШТВА ........................................35



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

6. БИТНИ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ СО ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ ВО УДЕЛИТЕ ............ 35
7. ДРУГИ ВАЖНИ АКТИВНОСТИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ ............ 36
8. ЛИСТА НА ЛИЦАТА СО КОИ ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ АКТИВНОСТИ; ............ 37
9. ЛИСТА НА ПОДРУЖНИЦИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ ............ 37
10. МЕСТОТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ДРУШТВОТО ............ 38
III ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА ............ 38
IV ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ ... 41
1. ИЗЈАВА НА ЛИЦАТА ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ ............ 41
2. ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ВО ДРУШТВОТО ............ 41



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

Врз основа на член 53 од Законот за инвестициски фондови (Сл. весник на РСМ бр.12/2009, бр. 67/2010, бр. 24/2011, бр. 188/2013, бр. 145/2015, бр. 23/2016, бр. 31/2020, бр. 150/2021 и 288/2021) (во натамошниот текст: Законот), член 40 од Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје (во натамошниот текст: Друштвото) Одборот на директори на Друштвото, на ден 25.05.2023 година, донесе:

**П Р О С П Е К Т**
**ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ – отворен инвестициски фонд**

## I ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД

**1.1. Назив на фондот:** Називот на фондот гласи: ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ – отворен инвестициски фонд; Скратениот назив на фондот гласи: ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ о.ф.
Во работењето со странство, како и во определени случаи за маркетиншки цели во Република Северна Македонија Фондот ќе го користи називот WVP CASH DEPOSIT

**1.2. Вид/тип на фондот**: Фондот е основан како отворен инвестициски фонд и се категоризира во групата на други инвестициски фондови.

**1.3. Идентификациски број на фондот**: Идентификацискиот број под кој Фондот е запишан во Регистарот на инвестициски фондови во Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија е: 9100000000040.

**1.4. Датум на организирање и број на решението за давање одобрение за организирање на отворениот фонд од Комисијата за хартии од вредност или друг соодветен регулатор**: Фондот е основан со одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со Решение број УП 1 08-95 од 18.11.2014 година.
**1.5. Времето на постоење на инвестицискиот фонд**: Фондот е основан на неопределено време

**1.6. Место каде што може да се добие примерок од Проспектот, статутот и клучните информации за инвеститорите на отворениот инвестициски фонд или дополнителни информации за фондот, како и полугодишни и ревидирани годишни извештаи**: Во седиштето на Друштвото на ул.,,В.Главинов'' Бр.14 - 1/8, Скопје, Центар, секој работен ден од 09:00 до 17:00 часот. Овие документи можат да бидат преземени и од интернет страницата на Друштвото www.wvpfondovi.mk

**1.7. Законска рамка за работењето на инвестицискиот фонд и регулаторен режим на кој подлежи:** Законот за инвестициски фондови (Сл. весник на РСМ бр.12/2009, бр. 67/2010, бр. 24/2011, бр. 188/2013, бр. 145/2015, бр. 23/2016, бр. 31/2020 бр. 150/2021 и 288/2021), како и подзаконската регулатива на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

**1.8. Даночни права и обврски на инвеститорите**:

Фондот нема својство на правно лице и согласно релевантните закони не преставува даночен обврзник. Добивката од инвестирање на средствата на Фондот во финансиски инструменти нема да се оданочува.

Даночните права и обврски на инвеститорите се регулирани со Законот за данокот на личен доход (за домашни и странски физички лица) и Законот за данокот на добивка (за домашни и странски правни лица). Согласно законската регулатива, данок се плаќа на добивката, односно разликата помеѓу куповната и продажната цена на уделот. Даночната регулатива е променлива категорија и оттаму вложувачите во Фондот се советуваат да ангажираат даночни советници за потенцијалните даночни последици коишто може да произлезат за нив од вложувањето во Фондот и понатамошното располагање со удели.

**1.9. Политика на распоредување на добивката на фондот:** Приходите од инструментите во кои се вложени средствата на Фондот, како што се капиталните добивки, позитивните курсни разлики, дивиденди и каматни приходи, нема да се исплатуваат, туку автоматски ќе се реинвестираат со цел да се зголеми цената на уделите во Фондот. Сопствениците на удели се изјаснуваат за согласност за реинвестирање на добивката во поднесеното Барање за купување на удели. Добивката на Фондот е содржана во цената на еден удел.

**1.10 Податоци за начинот на пресметка на учеството во добивката**: Правото на учество во добивката сопствениците на удели го остваруваат преку откуп, односно продажба на удели, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намален за сите трошоци и надоместоци.

**1.11 Фирма и седиште на друштвото за ревизија**: Друштво за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, ул. Даме Груев бр. 7, Скопје

## 2. ДЕТАЛИ ЗА ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УДЕЛИТЕ НА ОИФ:

**2.1 Природата на правата кои произлегуваат од уделите во отворениот инвестициски фонд:**

Правата од уделите во отворениот фонд се стекнуваат со запишување во регистарот на удели во отворениот инвестициски фонд што го води Друштвото.

Уделите во отворениот инвестициски фонд им даваат еднакви права на инвеститорите.

Уделите во фондот можат да се пренесуваат на други лица единствено по основ на наследување и договор за подарок. Преносот на уделите ќе предизвика правно дејство по уписот на преносот во Регистарот на удели на фондот, од страна на Друштвото.



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

**2.2 Права кои произлегуваат од уделите**:

Уделите им ги обезбедуваат следните права на сопствениците на удели:

- право на информираност:
  Сопствениците на удели во секое време може да се информираат за работењето на Друштвото и фондовите преку интернет страната на Друштвото. На интернет страната се објавува цената на уделот, финансиските извештаи како и други информации поврзани со работењето. Сопствениците на удели исто така можат да се информираат за било кој аспект од работењето на Фондот на следниве начини: Во седиштето на Друштвото; Интернет страницата на Друштвото; Медиуми; On-line известување; Писмено известување и Телефонски повик. Постапката на информирање на сопствениците на удели е во зависност од избраниот начин на информирање.

- право на дел од добивката на Фондот:
  Добивката која ја остварува Фондот од своето работење по автоматизам се реинвестира во Фондот, со цел зголемување на вредноста на уделот на Фондот. Според тоа сите сопственици на удели добиваат, односно имаат право на дел од добивката на Фондот пропорционално на нивното учество во Фондот. Сопствениците на удели, правото на дел од добивката на Фондот можат да го остварат преку поднесување на Барање за делумен или целосен откуп на уделите во нивна сопственост од страна на Друштвото.

- право на продажба на удели од Фондот, односно обврска за откуп на удели:
  Друштвото е должно да изврши откуп на уделите според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесувањето на барањето за откуп на удели. Средствата од откупот на уделите се исплаќаат на сметка на сопственикот на откупените удели во рок од седум календарски дена од приемот на Барањето за откуп на удели.

- право на исплата на дел од ликвидационата маса на Фондот: во случај на ликвидација на фондот сопствениците на удели имаат право на исплата на уделите без притоа да им се наплатуваат никакви надоместоци, без разлика дали ликвидацијата ја спороведува Друштвото или депозитарната банка

**2.3 Претпоставки под кои е дозволено да се покрене ликвидација на фондот, самата постапка на ликвидација на фондот, како и постапките кои би требало да се преземат согласно закон пред да се спроведе ликвидацијата:**

Ликвидација на Фондот се спроведува во еден од следните случаи:

- Доколку Друштвото по донесена одлука за престанок на вршење на работите на управување со инвестициски фондови во претходна постапка



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

FUND MANAGEMENT

на доброволен пренос не успее да го пренесе управувањето со отворените фондови на друго друштво за управување.

- Депозитарната банка престане да ја врши функцијата на депозитарна банка или Комисијата ја одземе издадена согласност на депозитарната банка, а Друштвото во предвидениот рок согласно одредбите од Законот не склучи договор со друга депозитарна банка.

- Комисијата му ја одземе дозволата за работа на Друштвото или над него е покрената постапка за стечај или ликвидација, а доколку во постапка на присилен пренос не успее да го пренесе управувањето со отворениот фонд на ново друштво за управување согласно одредбите од Законот.

- Депозитарната банка не може да спроведе присилен пренос на управувањето со инвестицискиот фонд согласно Законот.

Во постапката за спроведување на ликвидација се завршуваат работите кои се во тек, целиот имот на Фондот се продава, се намируваат обврските доспеани до денот на донесување одлука за ликвидација.

По донесување на одлуката за ликвидација се забранува секоја понатамошна продажба или откуп на уделите, освен во случај на барањата примени после утврдување на последната цена на уделот пред донесување на одлуката за ликвидација, при што трансакциите со имотот на Фондот можат да се обавуваат исклучиво за потребите на постапката за ликвидација.

Преостанатиот дел од нето вредноста на имотот на Фондот се распределува на сопствениците на удели, сразмерно на нивниот удел во Фондот.

Исплатата се врши најкасно во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката за поделба на преостанатата нето вредност на имотот на фондот.

За ликвидатор на Фондот може да се именува лице кое ги исполнува условите кои важат за извршен член на Одбор на директори.

Ликвидацијата на Фондот ја спроведува Друштвото.

Во случај кога Комисијата ќе донесе решение со кое ја одзема дозволата за работа на Друштвото и во случај на стечај или ликвидација на Друштвото, истото може да ги откаже работите на управување со инвестициски фондови кои ги вршело, при што тие се пренесуваат на друго друштво за управување.

Комисијата го врши изборот на новото друштво за управување на кое ќе бидат пренесени работите на управување со инвестициските фондови.

Доколку се покрене ликвидација на Фондот во случаите кога Друштвото е во стечај или Комисијата привремено или трајно му ја одзела дозволата за работа, ликвидацијата ја



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

спроведува депозитарната банка. Доколку депозитарната банка на Фондот е под стечај или Народна Банка на Република Северна Македонија привремено или трајно и ја одземала дозволата на работа, ликвидацијата ја спроведува ликвидатор на Фондот именуван од страна на Комисијата.

Ликвидаторот е должен во рок од 7(седум) дена од донесување на одлуката за ликвидација, да ја извести Комисијата и сопствениците на удели, во случај кога како ликвидатор се јавува Друштвото или депозитарната банка. Во случај ликвидаторот да е назначен од Комисијата, должен е во рок од 7(седум) дена од денот на назначување да ги извести сопствениците на удели.

**2.4. Постапка и услови за издавање на удели, минималниот износ на поединечни вложувања во фондот, постапка и условите на запишување и издавање на уделите, почетна цена на уделите, постапка и услови за понуда на уделите, постапка и услови за откуп и исплата на уделите, и околностите под кои може да дојде до прекин на издавањето или откупот на уделите на фондот:**

**Постапка и услови за издавање на удели**

Секое правно или физичко лице може да пристапи кон Фондот и да извршува трансакции со удели со склучување на Договор за вложување во отворен инвестициски фонд (во понатамошниот текст Договорот). При првото издавање на удели Договорот се смета за склучен врз основа на поднесено барање за издавање на удели (во понатамошниот текст Барањето), уплата на паричните средства во износ дефиниран во барањето од страна на вложувачот и прифаќање на поднесеното барање и уплатените парични средства од страна на друштвото. При понатамошните издавања на удели ќе се реализираат со уплата на парични средства и запишување во Регистарот на удели кој го води друштвото. Под уплата на парични средства се подразбира реален прилив на парични средства на трансакциската сметка на фондот. Барањата за купување се пополнуваат на посебен формулар изготвен од Друштвото. Формуларите можат да се подигнат и пополнат секој работен ден во деловните простории на Друштвото или надвор од деловните простории преку инвестициските агенти на друштвото и на интернет страната на Друштво www.wvpfondovi.mk. Инвестициски агенти се договорно ангажираните лица од страна на Друштвото.
При поднесување на Барањето, странка - физичко лице се легитимира со важечки документ за лична идентификација (лична карта или пасош).
При поднесување на Барањето - правно лице, треба да достави веродостоен документ согласно со законските прописи, како тековна состојба од регистрацијата или друг документ од надлежен орган и лична карта од законскиот застапник на правното лице.
Ако при поднесувањето на Барањето за купување, странката, физичко или правно лице, се претставува преку полномошник, кон Барањето за купување треба да приложи и нотарски заверено полномошно, кое треба да содржи изрично овластување за купување на удели.
Во определени специфични случаи (кога странката е малолетно лице или лице на кое му е делумно или целосно ограничена деловната способност), Барање за купување на удели поднесува законскиот застапник (родител, старател, посвоител) на малолетното лице или лицето на кое му е делумно или целосно ограничена деловната способност.



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

WVP FUND MANAGEMENT

Личните податоци кои се собираат, обработуваат и користат од страна на Друштвото, се обработуваат единствено во согласност со целите утврдени со Законот, Проспектот и Статутот на Фондот, а во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Купувањето на удели се врши исклучиво со уплата на парични средства, по што Друштвото се обврзува дека со уплатените парични средства ќе управува како со дел од заедничкиот имот во согласност со условите назначени во овој Проспект. Под уплата се подразбира реален прилив на парични средства на жиро сметка на Фондот.
Доколку инвеститорите паричните средства за купување на удели ги уплатат во текот на
Доколку инвеститорите паричните средства за купување на удели ги уплатат во текот на
денот (Т) до 24:00 часот, истите купуваат удели според вредноста на уделот на денот на уплатата (Т). За уплатата извршена по 24:00 часот, уделите се купуваат според вредноста на поединечниот удел на наредниот ден (Т+1).
Барањата за купување на удели и уплатените парични средства во отворениот инвестициски фонд кои се примени во неработен ден, друштвото за управување ќе ги пресметува по цената на уделите од првиот нареден работен ден.

Друштвото води Регистар на удели во Фондот согласно законските и подзаконските прописи. Уписот на податоците во Регистарот на удели се врши веднаш по извршената уплата и утврдувањето на нето вредноста на имотот на Фондот по удел и на бројот на удели што му припаѓа на инвеститорот во чие име и за чија сметка е извршена уплатата.

Потврда за купување и состојба на удели, без разлика на начинот на кој се стекнати му се издава на Инвеститорот од страна на Друштвото, во писмена форма или на друг соодветен траен медиум без одлагање, а не подоцна од 1 (еден) работен ден од реализацијата на барањето за купување удели. За издадените удели се води евиденција во електронска форма во Друштвото и во депозитарната банка.

**Минимален износ на поединечни вложувања во ОИФ**
Минималниот износ на вложување во Фондот изнесува 1.000,00 денари.

**Почетна цена на уделите**
Почетната цена на поединечен удел во Фондот изнесува 100,00 денари. Цената на уделите во Фондот е единствена цена еднаква на нето вредноста на имотот на фондот по удел, која се пресметува врз основа на пазарната цена на сите финансиски инструменти од портфолиото на Фондот.

**Постапка и услови за откуп и исплата на уделите**
Секој сопственик на удели од Фондот има право да бара откуп на одреден број или сите удели кои ги поседува и на тој начин да истапи од Фондот.

Сопствениците на удели можат во секое време да поднесат Барање за откуп на сите или на одреден број на удели. Барање за откуп се пополнува на посебен формулар изготвен од Друштвото, а истиот може да се добие во деловните простории на Друштвото, преку продажната мрежа воспоставена на договорна основа или на интернет страната.

При поднесување на Барање за откуп, странката задолжително се легитимира со соодветен документ. Физичко лице се легитимира со важечки документ за лична



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

идентификација (лична карта или пасош). Доколку станува збор за правно лице, легитимирањето се врши со поднесување на веродостоен документ согласно со законските прописи, како тековна состојба од регистрацијата или друг документ од надлежен орган и лична карта од законскиот застапник на правното лице.

Откупот на уделите се врши според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесувањето на Барање за откуп на удели (во натамошниот текст: Барање за откуп). Доколку Барањето за откуп е поднесено по 14:00 часот на тековниот ден, истото ќе се смета дека е примено наредниот ден.
Барањата за откуп на удели на отворениот инвестициски фонд кои се примени во неработен ден, друштвото за управување ќе ги пресметува по цената на уделите од првиот нареден работен ден.

Потврда за откуп и состојба на удели му се издава на Инвеститорот од страна на Друштвото, во писмена форма или на друг соодветен траен медиум без одлагање, а не подоцна од 1 (еден) работен ден од реализацијата на барањето за откуп на удели. За откупените удели се води евиденција во електронска форма во Друштвото и во Депозитарната банка.
На основа на поднесеното Барање за откуп од страна на сопственикот на удели, Друштвото дава налог до депозитарната банка, која врши исплата на утврдениот износ на трансакциска сметка на сопственикот на уделите, наведена во образецот на Барањето за откуп.

Во случаи кога клиентот е малолетно лице, исплатата на утврдениот износ се врши на трансакциска сметка на законски застапник на сопственикот на удели наведен на Договорот.

Друштвото е должно да изврши исплата на средствата за откупените удели од Фондот најдоцна 7 (седум) календарски дена по приемот на Барањето за откуп.
**Околностите под кои може да дојде до прекин на издавањето или откупот на удели**

Продажбата и откупот на уделите во Фондот може да се прекине доколку Друштвото и депозитарната банка сметаат дека не е можно да се утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, при што престанува продажбата и откупот на удели во интерес на постоечките и потенцијалните сопственици на удели.

Прекин на продажбата и откупот на удели во отворениот инвестициски фонд може да настане и кога во рок од еден ден ќе се доставаат барања за откуп на удели од фондот во износ поголем од 10% од вредноста на имотот на фондот, а фондот во законски пропишаниот рок не е во можност да ги реализира барањата. Прекинот на продажба и откуп на удели, Друштвото ќе го пријави до Комисијата и ќе го објави во најмалку два дневни весници во Република Северна Македонија, и на својата интернет страница.

Прекин на продажба и откуп на удели, Друштвото може да изврши по добивање на согласност од страна на Комисијата и за истиот писмено ќе ги извести сопствениците на удели. Друштвото за управување со инвестициски фондови веднаш, а не подоцна од 24 часа по констатирањето дека не може да ја утврди точната цена на имотот од



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

портфолиото на Фондот, до Комисијата доставува барање за добивање согласност на прекин на продажба и откуп на удели на отворениот инвестициски фонд. Во периодот на постапката за добивање согласност од Комисијата за прекин на продажбата и откупот на удели во отворениот инвестициски фонд, Друштвото не смее да продава и откупува удели од фондот се до завршување на постапката за добивање согласност која се води пред Комисијата.

Привремен прекин на продажба и откуп на удели може да настане и доколку Комисијата се стекне со сознанија, или има оправдани причини за сомнеж дека на вложувачите им се нанесува штета поради неточна пресметка на цената на уделите во Фондот. Прекинот на продажба и откуп ќе заврши откако Друштвото и депозитарната банка оценат дека е можно да се одреди точната цена на имотот на портфолиото на отворениот фонд, а најдоцна во рок од 28 дена од почетокот на престанокот освен ако Комисијата не се согласи за продолжување на назначениот рок. Известувањето за продолжување на продажбата и откупот на удели во Фондот ќе се објави во најмалку два дневни весници во Република Северна Македонија.

За времето додека трае прекинот на продажба и откуп на удели, Друштвото може да продолжи со примање на барања за продажба или откуп на удели кои ќе се реализираат по завршувањето на прекинот. Додека трае прекинот сите барања за откуп или продажба на удели нема да бидат извршени во роковите предвидени со овој Проспект и Статутот на Фондот.

### 2.5. Информации за начинот и правилата за пресметување и користење на приходите или добивката на фондот од страна на иметелите на удели:

Приходите на Фондот се пресметуваат согласно со законските и подзаконските прописи, меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување, а во зависност од класификацијата на финансиските инструменти во одредени портфолија (кои се чуваат до доспевање, расположливи за продажба, расположливи за тргување).

Приходите кои ги остварува Фондот се користат за исплата на обврските на Фондот, предвидени со Законот и со овој Проспект, како и за реинвестирање според целите и политиката на Фондот.

### 2.6. Принципи на вложување на средствата, како и типот на средства во кои е дозволено вложувањето, односно категории на средства и видови на финансиски инструменти во кои ќе бидат инвестирани средствата на фондот

Со цел остварување на поставените цели и политика, при инвестирањето на средствата на Фондот, Друштвото ќе ги почитува следните принципи:

- ✓ Профитабилност;
- ✓ Ликвидност;
- ✓ Диверзификација на ризикот при вложувањата на средствата на Фондот;
- ✓ Транспарентност;



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

✓ Заштита на интересите на инвеститорите;
✓ Доверливост и тајност на податоците;
✓ Непристрасност, неутралност, совесност и професионалност;
✓ Постапување со внимание на добар стопанственик.

Средствата на Фондот ќе бидат инвестирани во согласност со членот 66 и член 67 од Законот и согласно Правилникот за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имотот на отворен фонд, донесен од Комисијата, во следните видови инструменти:

- Депозити кај овластени банки во Република Македонија - со рок на доспевање пократок од една година, најмногу до 20% од имотот на Фондот може да биде во една банка;
- Долгорочни должнички хартии од вредност;
- Краткорочни должнички хартии од вредност;
- Удели во нискоризични отворени фондови;
- Пари на сметка.

Вложувањата во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија, земји членки на Европската Унија и ОЕЦД може да надминат 35% од имотот на Фондот.

Фондот може да инвестира единствено во инвестициски фондови чијашто провизија за управување не надминува 1% од вредноста на имотот на тој фонд на годишно ниво. Нето вредноста на Фондот може да биде инвестирана во депозити, односно должнички хартии од вредност на издавачи чие седиште, односно претежна дејност се врши на територијата на државите наведени во точка 3.

## 3. ОПИС НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ВЛОЖУВАЊАТА НА ОИФ

### **А)** ДЕТАЛЕН ОПИС НА ИНВЕСТИЦИСКАТА ПОЛИТИКА/СТРАТЕГИЈА И ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ЦЕЛИ

Инвестициските фондови претставуваат одлична можност за вложување на капиталот, каде инвеститорите ги доверуваат своите парични средства на специјализирани институции - Друштва за управување со отворени и затворени инвестициски фондови. Паричните средства се прибираат преку продажба на удели во Фондот,а Друштвото истите ќе ги вложува во согласност со одредбите од Законот, Проспектот и Статутот на Фондот. Фондот е во сопственост на имателите на удели. Сопствениците на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот, како и во секое време да побараат исплата на уделот и на тој начин да истапат од фондот.

Како инвеститори во Фондот може да се јават домашни и/или странски, физички и/или правни лица.

Инвестициската цел на Фондот е остварување на адекватен принос за сопствениците на удели во фондот, односно раст на вредноста на уделот на долг временски период.



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

За реализација на инвестициската цел, Друштвото планира да ги вложува средствата на имотот на Фондот претежно во инструменти на пазарот на пари (депозити) и портфолио на нискоризични должнички хартии од вредност.

Средствата на фондот ќе бидат инвестирани во хартии од вредност на издавачи чие седиште, односно претежна дејност се врши на територијата на следниве земји:

| **Пазар/Земја членка** | **Процент од портфолио** |
|---|---|
| Р. Северна Македонија | до 100% |
| Земји членки на ОЕЦД (OECD): | до 100% |
| Земји членки на ЕУ (EU): | до 100% |
| Земји членки на ЦЕФТА | до 100% |

**Б) ПЛАНИРАНА СТРУКТУРА НА ПОРТФОЛИОТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД:**
Во табелата што следи се наведени инструментите и минималната и максималната процентуална изложеност по видови инструменти:

| **Вид на инструмент** | **Процент од портфолиото** |
|---|---|
| **Парични средства и Депозити** | 30% - 100% |
| **должнички хартии од вредност** | 0%-70% |
| **Инвестициски фондови** | 0%-10% |
| **Нови емисии на хартии од вредност** | 0%-10% |

Основните податоци за структурата на вложувањата на имотот на фондот ќе се објавува на веб-страницата на друштвото, на начин утврден со законските и подзаконските прописи.

Друштвото нема да позајмува средства освен ако тоа не го прави со цел за користење на тие средства за откуп на удели во отворениот инвестициски фонд, и тоа под услов паричните средства расположливи во портфолиото на фондот да не се доволни за таа намена, при што, во случај на таква позајмица, вкупниот износ на обврските кои подлежат на отплата од имотот кој го создава отворениот инвестициски фонд спрема сите договори за заем или кредит не смеат да надминат 10% од нето вредноста на имотот на отворениот инвестициски фонд во моментот на земање на тие позајмици, а во рок не подолг од три месеца.

Друштвото може да го одбие склучувањето на договорот за вложување доколку:



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

- оцени дека целта на уплатата или на барањето за издавање удели е да се нанесе штета на останатите инвеститори во отворениот фонд, односно отворениот фонд би можел да биде изложен на ризик од неликвидност и несолвентност или би било оневозможено остварувањето на инвестициската цел и стратегија на отворениот фонд;

- односите помеѓу друштвото за управување и инвеститорот се тешко нарушени поради постоење на судска или друга постапка и

- постои основано сомнение дека е извршено или има обид да биде извршено перење пари или финансирање на тероризам согласно со прописите од областа на спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Доколку друштвото го одбие склучувањето на договорот за вложување е должен за тоа да го извести инвеститорот, а одбивањето на склучувањето на договорот е можно се до моментот на упис на инвеститорот во Регистарот на удели.

Доколку е извршена уплата на парични средства од страна на инвеститорот, а друштвото го одбие склучувањето на договорот за вложување, друштвото е должно на инвеститорот да му ја врати целата сума на уплатени средства на сметката од која е извршена уплатата во рок пет дена од денот на одбивањето на договорот.

## 4. ПРОФИЛ НА  ИНВЕСТИЦИСКИТЕ РИЗИЦИ И УСПЕШНОСТА

### 4.1 **Видовите на инвестициски ризици**

Инвеститорите ќе бидат изложени на ризици кои се карактеристични за парични фондови, односно ќе бидат изложени на ниско ниво на ризик. Паричните фоднови генерално спаѓаат во група на најниско ризичини фондови.

Инвеститорите треба да се свесни дека со вложувањето во Фондот преземаат определени
инвестициски ризици, со оглед на фактот дека вредноста на финансиските инструменти на пазарот на капитал секојдневно се менува т.е. вредноста на уделот може да расте или опаѓа и повратот на почетната инвестирана сума во секој момент, не е загарантиран. Инвестицискиот ризик претставува веројатност приносот од вложувањето во определен момент да биде помал од очекуваниот или негативен.

Друштвото ќе воспостави сеопфатен и ефикасен систем за управување со ризици соодветен на природата, видот и обемот на работењето на Фондот, кој ќе содржи: стратегија и политика за управување со ризици; постапки и мерки за управување со ризици и техники за мерење на ризиците и проценка, следење и преиспитување на управувањето со ризици.

Со цел креирање на реална слика во однос на овој вид на вложување и донесување на разумна одлука за купување на удели од Фондот потенцијалните вложувачи се должни да го земат во предвид универзалното инвестициско правило согласно кое очекуваниот



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

FUND MANAGEMENT

принос на вложените средства е соодветен на ризикот кој се презема со тоа вложување, односно, колку е повисок очекуваниот принос на вложените средства толку е повисок и ризикот кој се презема. Индикаторот на синтетички ризик и принос (ризична класа), согласно Одлуката за утврдување на начинот на пресметување на приносот по удел во отворен инвестициски фонд и за пресметување на волатилноста на инвестициски фонд од Комисијата (Сл. весник на Република Македонија бр. 170/2010) за Фондот изнесува ризична класа 1.

Табеларен приказ на видови ризици и оценка на нивно влијание врз Фондот (четири нивоа:, низок, среден, висок, екстремно висок)

| Вид на ризик | Степен на влијание |
|---|---|
| Пазарен ризик | Среден |
| Каматен ризик | Среден |
| Кредитен ризик | Низок |
| Ликвидносен ризик | Низок |
| Валутен ризик | Низок |
| Ризик од промена на даночните прописи | Низок |
| Политички ризик | Низок |
| Оперативен ризик | Среден |

*<u>Пазарен ризик</u>*

Нето вредноста на уделот во Фондот зависи од движењето на пазарните цени на хартиите од вредност кои се составен дел на портфолиото на Фондот. Намалувањето на цената на хартиите од вредност може да доведе до намалување на вредноста на портфолиото на Фондот и на остварените приноси и обратно, зголемувањето на цената на хартиите од вредност може да доведе до зголемување на вредноста на портфолиото на Фондот и на неговите приноси. Со цел на заштита од пазарниот ризик, Друштвото ќе се залага за негово минимизирање преку диверзифицирање на портфолиото, согласно со принципот на дистрибуција на ризикот.

*<u>Каматен ризик</u>*

Промената на каматните стапки може позитивно или негативно да се одрази на вредноста на средствата на Фондот, бидејќи поголемиот дел од средствата ќе бидат инвестирани во должнички хартии од вредност и депозити во овластени банки во Р. Северна Македонија. Имено, промената на каматните стапки е обратнопропорционална со промената на цената на должничките хартии од вредност. Осетливоста кај краткорочните хартии од вредност, по правило е помала во однос на долгорочните хартии од вредност. Со цел намалување на овој ризик, Друштвото ќе вложува во хартии од вредност со различни рокови на достасување.

*<u>Ликвиден ризик</u>*

Ризик поврзан со ликвидноста претставува веројатност дека Фондот во одреден момент ќе има тешкотии при изнаоѓање на средства за да ги подмири обврските поврзани со повлекување на удели од Фондот како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност, пред сè поради моменталната неповолна побарувачка на пазарот. Друштвото ќе управува со ликвидниот ризик преку вложување во најликвидни хартии од вредност.

*Кредитен ризик*

Кредитниот ризик претставува веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат. Неисполнувањето на обврските од страна на издавачите на хартии од вредност би имало влијание на ликвидноста и би ја намалило вредноста на Фондот. Друштвото ќе се залага за намалување на овој ризик преку инвестирање во финансиски инструменти согласно ограничувањата предвидени во Законот и овој Проспект, анализи на издавачите, како и анализа на целокупните економски и политички услови.

*Валутен ризик*

Валутниот ризик претставува форма на ризик која се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга. Фондот во своето портфолио поседува хартии од вредност деноминирани во различни валути и можните промени на овие валути во однос на домашната валута може да доведат до зголемување или намалување на вредноста на уделите. Овој ризик Друштвото ќе го редуцира со диверзификација на портфолиото во различни валути.

*Ризик од промена на даночните прописи*

Ризикот од промена на даночните прописи представува веројатност дека законодавната власт, во Република Северна Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот на Фондот. Ризикот од промена на даночните прописи во целост е надвор од доменот на влијание на Друштвото.

*Политички ризик*

Можноста од евентуални политички кризи во земјите во коишто инвестирал Фондот согласно овој Проспект, може да доведе до промена на имотот на Фондот. За да се заштити од овој ризик Друштвото ќе го инвестира имотот на Фондот на начин што ќе овозможи што помало изложување на пазарите на кои може да се очекува политичките кризи да имаат поголемо влијание

*Оперативен ризик*

Ризик од загуба поради несоодветни или слаби внатрешни процеси, несоодветен кадар и несоодветни или слаби системи и надворешни настани. Оперативниот ризик го



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

вклучува и правниот ризик, ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот, како и ризикот од несоодветност на информациските системи за работа.

### 4.2. Ризиците поврзани со друштвото за управување и начинот на управување со тие ризици

Друштвото управува со капиталот за да се обезбеди дека ќе продолжи да работи и во иднина според принципот на континуитет преку настојување да постигне оптимален баланс помеѓу долговите и вкупната главнина. Структурата на капиталот на Друштвото се состои од уплатен капитал, законски резерви, останати резерви, неконтролирачко учество и акумулирана добивка.

*Ризик на задолженост*

Раководството ја следи структурата на изворите на финансирање на Друштвото на годишна основа. Како дел од ова следење, Раководството ги анализира трошокот на капиталот и ризиците поврзани со секоја одделна класа на капиталот.

*Оперативен ризик*

Оперативен ризик е ризикот од директна или индиректна загуба која произлегува од голем број различни причини поврзани со процесите на Друштвото, вработените, технологијата и инфраструктурата и од надворешни фактори различни од кредитни, пазарни ризици и ризици на ликвидност, како што се оние кои произлегуваат од барањата на законската регулатива и општо прифатените стандарди за корпоративно однесување. Оперативните ризици произлегуваат од сите операции на Друштвото. Примарната одговорност за развој и имплементација на контроли кои се однесуваат на оперативниот ризик е на Раководство на Друштвото. Друштвото активно ја прати изложеноста на оперативен ризик во сите организациски делови и процеси.

*Валутен ризик*

Друштвото своето работење доминантно го одвива во рамките на платниот промет во РСМ. Според тоа најголем број од трансакциите се одвиваат во домашна валута. Само одреден број плаќање во мал обем се реализираат кон странство и тоа се единствените случаи во кои промената на курсот може негативно да влијае врз Друштвото. Влијанието на овој ризик е мал.

*Пазарен ризик*

Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретни вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. Друштвото е изложено на ризик од промена на цените на вложувањата во хартии од вредност и истиот е надвор од контрола на Друштвото. Како мерка која може



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

да се превземе за да се управува со овој ризик е диверзификација на хартиите од вредност по видови на имот.

*Кредитен ризик*

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање, како и од пари и парични средства, депозити во банки и финансиски институции. Друштвото нема изложеност на кредитен ризик за побарувањата од Фондовите со кои тоа управува.

*Каматен ризик*

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

*Ликвидносен ризик*

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Друштвото ги менаџира своите средства и обврски на таков начин што може да ги исполни сите свои доспеани обврски во секое време. Во одредени случаи кога Фондот располага со ниска ликвидност, а во исто време потребно е да се сервисираат, односно да се направи плаќање по одредена достасана обврска, Друштвото може во свое име а за сметка на Фондот да позајми средства со цел користење на истите за откуп на удели во Фондот. Ваквото задолжување се одобрува само во случај да слободните парични средства во Фондот не се доволни за подмирување на откупот, при што износот на сите позајмицата (заем или кредит) по тој основ во збир не смеат да надминат 10% од нето вредноста на Фондот мерено во моментот на земање на тие позајмици. Рокот на позајмиците не смее да биде подолг од 3 (три) месеци.

**4.3 Изјава**

Фондот е основан со одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со Решение број УП 1 08-95 од 18.11.2014 година.

**4.4. Изјава**

Над 35% од имотот на фондот може да биде вложен на теритиријата на следните држави, локални самоуправи или меѓународни организации, наведени во точка 3, дел А) од овој Проспект, односно во:

| **Пазар/Земја членка** | **Процент од портфолио** |
|---|---|
| Р. Северна Македонија | до 100% |
| Земји членки на ОЕЦД | до 100% |
| Земји членки на ЕУ | до 100% |
| Земји членки на ЦЕФТА | до 100% |



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

### 4.5. Дозволени вложувања во деривативни финансиски инструменти

Фондот нема да вложува во термински и опциски договори и други деривативни финансиски инструменти со кои се тргува на регулирани пазари и/или деривативни финансиски инструменти со кои се тргува преку шалтер или инструменти кои имаат кои нудат финансиски лост левериџ

**4.6 Изјава**: Средствата на Фондот ќе бидат инвестираниво согласност со членот 66 од Законот и согласно Правилникот за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имотот на Фондот, донесен од Комисијата.

### 4.7 Волатилност на нето вредноста на имотот на фондот

Волатилноста на нето вредноста на имотот на Фондот ќе се пресметува согласно Одлуката за утврдување на начинот на пресметување на приносот по удел во отворен инвестициски фонд и за пресметување на волатилноста на инвестициски фонд донесена од Комисијата (Службен весник на РМ бр.170/2010). Волатилноста на нето вредноста на имотот на Фондот е директно поврзана со начинот и техниката на управување на средствата на Фондот. Волатилноста на нето вредноста на имотот на Фондот е поврзана со волатилноста на финансиските инструменти во коишто фондот инвестира.
Волатилноста на нето вредноста на имотот на фондот се мери со употреба на стандардна девијација.
Согласно правилата за пресметка стандардната девијација на фондот изнесува 0,19% или ризична класа 1.

### 4.8. Начинот и времето на пресметка на нето вредноста на имотот на фондот, како и основата врз основа на која се пресметува нето вредноста на фондот

Нето вредноста на имотот на Фондот се утврдува како разлика помеѓу вредноста на имотот на Фондот (односно пазарната вредност на финансиските инструменти во кои се вложени средствата на Фондот) и вредноста на вкупните обврски на Фондот.
Имотот на Фондот на денот на вреднување претставува збир на вредноста на сите видови на средства кои со Законот се пропишани како дозволени вложувања и кои се во согласност со ограничувањата за вложување на средствата на Фондот.
Нето вредноста на имотот на Фондот на денот на вреднување се пресметува врз основа на пазарните вредности на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и други имотни вредности на Фондот, со одземање на обврските на Фондот на истиот ден, согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд.

### 4.9. Времето, начинот и зачестеноста на пресметка на цените на уделите, како и начинот на објавување на тие цени, опис на износот и зачестеноста на плаќањето на дозволените надоместоци и трошоци за издавање и откуп на уделите



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

Нето вредноста на имотот на Фондот по удел е нето вредност на имотот на Фондот поделена со бројот на уделите на Фондот на денот на вреднување. Ден на вреднување е денот за кој се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот. Денот на вреднување (т-1) му претходи на денот на пресметка (т) во текот на кој што се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот. Вкупниот број на удели на Фондот на денот на вреднувањето се утврдува со намалување на бројот на удели од претходниот ден на вреднување кои Фондот ги повлекол за сметка на лицата кои на денот на вреднувањето поднеле барање за откуп на уделите во Фондот и со тоа престанале да бидат сопственици на уделите, а се зголемува за бројот на удели кои Фондот ги издал на лицата чии средства на денот на вреднувањето се евидентирани на сметката на Фондот со цел за купување на удели во Фондот, а се во согласност со условите во Проспектот и Статутот на Фондот. Нето вредноста по удел и вкупниот број на удели на Фондот се пресметува и изразува во четири децимални места. Сите зголемувања и намалувања на бројот на удели во Фондот се пресметани и изразени во четири децимални места.

Нето вредноста на имотот на Фондот и нето вредноста на имотот по удел се пресметува секој работен ден до 16:00 часот за секој ден од годината.

## 5. ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИНОСОТ НА ФОНДОТ

Друштвото за управување ја пресметува просечната стапка на принос по удел за следниве периоди: 12 месеци, 2 години и 5 години, односно од датумот на основање на Фондот до денот на известување.

При пресметката на просечната стапка на принос се употребуваат седмични приноси на Фондот.

Просечната стапка на принос, заклучно со 24.05.2023 година, изнесува:

- +0,14% за 12 месеци;
- +0,12% за 24 месеци;
- +0,11% за 60 месеци;
- +0,14% од основањето (04.12.2014 година).

Приносот во минатото е од информативен карактер и не претставува индикација за можниот принос во иднина. Остварениот принос во минатото е изразен по одбивањето на сите трошоци кои се наплатуваат на товар на имотот на Фондот.

Ажурирани податоци од добиените резултати за просечната стапка на принос по удел се објавуваат квартално на официјална веб-страница, најдоцна во рок од 10 дена по истекот на кварталот за кој се однесуваат податоците.

При објавувањето на податоци за рекламни цели, се употребува стапка на принос по удел за одреден временски период, која се изразува во проценти со заокружување на две децимални места.



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

**6.** НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ И ИНВЕСТИТОРОТ

**НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ**

На товар на имотот на Фондот се пресметуваат следните надоместоци и трошоци:

- ✓ Надоместок за управување со Фондот;
- ✓ Надоместок на депозитарната банка;
- ✓ Трошоци во врска со купопродажба на имотот на Фондот;
- ✓ Други трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето.

## 6.1 НАДОМЕСТОК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОТ

Надоместокот кој се наплатува од Фондот е надоместокот за управување на Друштвото, а како основица се користи вкупната вредност на имотот на фондот намалена за износот на обврските на фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти, на денот на вреднување на Фондот, по следната формула:

Остварен годишен надомест за управување x 1 / 365

Друштвото наплатува надоместок за управување во висина од 1,00% годишно од вкупната вредност на имотот на фондот намалена за износот на обврските на фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти и истиот во целост му припаѓа на Друштвото. Друштвото го наплатува надоместокот за управување еднаш месечно, како збир на сите дневни вредности на надоместок за месецот на кој што се однесува пресметката.

## 6.2. НАДОМЕСТОК НА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА

Друштвото на товар на имотот на Фондот плаќа надоместоци и трошоци на Депозитарната банка за работите кои се дефинирани во договорот со Депозитарната банка, Законот, Статутот и Проспектот на Фондот и Тарифата за надоместоци и трошоци за вршење на работи на Депозитарната банка. На товар на имотот на Фондот, Друштвото на Депозитарната банка и плаќа надоместок од 0,17% пресметан на годишно ниво кој се пресметува од вкупната вредност на имотот на фондот намалена за износот на обврските на фондот врз основа на вложувањата во финансиски инструменти на Фондот, на денот на вреднување на Фондот.

Процентот се искажува на годишно ниво со примена на пропорционална метода actual/actual, а наплатата на надоместокот се врши на месечна основа.

## 6.3 ТРОШОЦИ ВО ВРСКА СО КУПОПРОДАЖБА НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ

Овие трошоци ги содржат сите трошоци поврзани со купување и продавање на имотот на Фондот (на пример: трошоци за брокерски провизии, берзанска такса, такса за



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

Централен депозитар на хартии од вредност, даноци и евентуални други трошоци поврзани со порамнувањето на трансакциите). Износот на овие трошоци е во висина на стварните трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции и истите се на товар на имотот на Фондот. Трошоците за купување и продавање се разликуваат во зависност од типот на хартиите од вредност и големината на налогот.

## 6.4. ДРУГИ ТРОШОЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ВО ТЕКОТ НА РАБОТЕЊЕТО

Останати трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето, а се наплатуваат на товар на имотот на Фондот се:

- ✓ Трошоци за годишна ревизија;
- ✓ Трошок за исплата на даноци на отворениот фонд;
- ✓ Трошоци за месечен надомест на Комисијата;

Овие трошоци ги содржат трошоците кои ќе произлезат во текот на работењето на Фондот и ќе се наплатуваат на товар на имотот на Фондот во висина на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции.

Годишниот надомест за управување и надоместот за депозитарна банка вклучувајќи ги и останатите трошоци за работа на товар на инвестицискиот фонд е очекувано да влијаат на намалување на идните очекувани приноси на фондот во процент од околу 1,30% на годишно ниво.

## НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ КОИ СЕ НАПЛАТУВААТ ОД ИНВЕСТИТОРОТ

Надоместоците кои може да се наплатуваат од инвеститорот во Фондот се:

- влезен надоместок кој се одбива од износот за уплата во моментот на продажба на уделите
  - При купување удели нема да се наплатува влезен надоместок.

- излезен надоместок кој се одбива од нето вредноста на имотот на Фондот по удел во моментот на откуп;
  - При откуп на удели Друштвото нема да наплатува излезен надоместок.

- трошоци за печатење на обрасци за запишување на удели;
  - Трошоците за печатење на обрасци за запишување на удели нема да се пресметуваат и наплатуваат. Овие трошоци се на товар на Друштвото.



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

FUND MANAGEMENT

# 7. ЦЕЛЕН ПАЗАР И СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ

ОБРАЗЕЦ 1
**ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРУКТУРАТА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ НА ДЕН 24.05.2023 ГОДИНА**
**ВФП Кеш Депозит - отворен инвестициски фонд**
**9100000000040**

| **позиција** | **број на акции** | **набавна цена по акција** | **вкупно набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **вредност по акција** | **учество во сопственоста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АКЦИИ** | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Обични акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Акции на затворени инвестициски фондови | | | | | | | |
| **Вкупно акции од домашни издавачи** | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Обични акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| Акции на затворени инвестициски фондови | | | | | | | |
| **Вкупно акции од странски издавачи** | | | - | - | | | |

| **позиција** | **номинална вредност** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во сопственоста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | | | |
| | | | | | |
| MKMINF20GS89 / DO2019/10-0749DK | 2.570.326,02 | 2.610.580,8919 | 2.704.427,9853 | 0,29% | 0,44% |
| MKMINF20GV84 / DO2021/ 04 - 0336 | 45.000.000,00 | 44.997.483,3615 | 45.246.380,2508 | 11,25% | 7,29% |
| MKMINF20GW18 / DO2021/07-0436 | 30.000.000,00 | 29.997.816,8610 | 30.078.735,6218 | 3,13% | 4,84% |
| MKMINF20GW91 / DO2021/ 15A - 1036 | 13.000.000,00 | 12.999.625,1918 | 13.196.903,7025 | 1,76% | 2,13% |
| XS2310118893 / MACEDO 1.625 | 46.121.250,00 | 40.917.744,9714 | 41.430.685,4760 | 0,11% | 6,67% |
| XS1744744191 / MACEDO 2.75 | 31.977.400,00 | 31.236.898,1682 | 31.672.802,1414 | 0,10% | 5,10% |
| XS2181690665 / MACEDO 3.675/ТРГУВАЊЕ | 6.149.500,00 | 5.594.158,5320 | 5.873.309,8168 | 0,01% | 0,95% |



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

FUND MANAGEMENT

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| XS1452578591 / MACEDO 5.625/ДОСПЕВАЊЕ | 59.650.150,00 | 60.024.015,5035 | 62.536.607,7277 | 0,22% | 10,07% |
| MKMINF200DC4 / RMDEN12/DOSPEVANJE | 224.487,50 | 224.472,7916 | 228.890,4278 | 0,11% | 0,04% |
| MKMINF200DD2 / RMDEN13/DOSPEVANJE | 192.639,24 | 189.782,0422 | 194.796,6203 | 0,22% | 0,03% |
| MKMINF200DG5 / RMDEN16/DOSPEVANJE | 2.509.826,18 | 2.453.617,4274 | 2.512.051,8297 | 1,02% | 0,40% |
| MKMINF200DG5 / RMDEN16/DOSPEVANJE/ | 494.957,88 | 492.716,3924 | 502.815,3132 | 0,16% | 0,08% |
| MKMINF200DH3 / RMDEN17/DOSPEVANJE/ | 180.099,26 | 179.512,4441 | 183.133,7735 | 0,09% | 0,03% |
| MKMINF200DI1 / RMDEN18/ДОСПЕВАЊЕ | 5.609.389,42 | 5.587.307,17 | 5.700.179,57 | 2,00% | 0,92% |
| | | | | | |
| **Државни обврзници** | **243.680.025,4895** | **237.505.731,7450** | **242.061.720,2550** | | **38,98%** |
| | | | | | |
| Обврзници на локалната самоуправа | | | | | |
| | | | | | |
| Обврзници од трговски друштва | | | | | |
| MKTTKS200012 / TTKOA31 | 9.224.250,0000 | 9.235.302,8173 | 9.453.337,4696 | 10,00% | 1,52% |
| | | | | | |
| **Вкупно обврзници од РМ и домашни издавачи** | **252.904.275,4895** | **246.741.034,5623** | **251.515.057,7246** | | **40,51%** |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **Државни обврзници** | | | | | |
| XS2361850527 / TUERKEI 4,375% | 9.224.250,0000 | 9.336.608,9971 | 9.682.517,9348 | 0,03% | 1,56% |
| XS1843443356 / TUERKEI 4,625% | 24.598.000,0000 | 24.932.285,0612 | 25.044.704,5369 | 0,01% | 4,03% |
| XS1909184753 / TUERKEI 5,20% | 6.149.500,0000 | 6.358.268,8027 | 6.417.796,7722 | 0,01% | 1,03% |
| | | | | | |
| Обврзници на локалната самоуправа | | | | | |
| | | | | | |
| **Обврзници од трговски друштва** | **-** | **-** | **-** | | **0.00%** |
| **Вкупно обврзници од странски издавачи** | **39.971.750,0000** | **40.627.162,8609** | **41.145.019,2439** | | **6,63%** |

| **позиција** | **номинална вредност** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во сопствено ста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОСТАНАТИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | | | | | |
| | | | | | |
| Државни записи | | | | | |
| | | | | | |



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Благајнички записи | | | | | |
| | | | | | |
| РОИФ1108032011КБПУПА44353 /КБ ПУБЛИКУМ ПАРИЧЕН | 424.264,7346 | 56.785.077,0054 | 57.258.641,3022 | | 9,22% |
| Удели во отворени инвестициски фондови | | | | | |
| | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно останати ХВ од домашни издавачи** | **424.264,7346** | **56.785.077,0054** | **57.258.641,3022** | | **9,22%** |
| | | | | | |
| Државни записи | | | | | |
| | | | | | |
| Благајнички записи | | | | | |
| | | | | | |
| Удели во отворени инвестициски фондови | | | | | |
| | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно останати ХВ од странски издавачи** | | | | | |

| **позиција** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во имотот на фондот (%)** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЛАСМАНИ И ДЕПОЗИТИ** | | | | | |
| | | | | | |
| Капитал банка АД Скопје | 106.297.000,0000 | 106.382.509,7390 | 17,13% | | |
| Силк Роуд Банка АД Скопје | 744.206,0000 | 745.086,8137 | 0,12% | | |
| Стопанска банка АД Битола | 30.000.000,0000 | 30.122.260,2742 | 4,85% | | |
| Стопанска банка АД Битола | 20.000.000,0000 | 20.081.506,8462 | 3,23% | | |
| Стопанска банка АД Битола | 1.600.000,0000 | 1.602.796,7114 | 0,26% | | |
| Стопанска банка АД Битола | 57.800.000,0000 | 57.814.252,0579 | 9,31% | | |
| Стопанска банка АД Битола | 5.000.000,0000 | 5.019.006,8449 | 0,81% | | |
| ХАЛК БАНК А.Д. Скопје | 4.000.000,0000 | 4.011.780,8219 | 0,65% | | |
| ХАЛК БАНК А.Д. Скопје | 10.300.000,0000 | 10.317.636,9863 | 1,66% | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| **Вкупно пласмани и депозити** | **235.741.206,0000** | **236.096.837,0956** | **38,02%** | | |
| Долгорочни депозити | | | | | |
| | | | | | |
| Останати пласмани | | | | | |



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

| Вкупно пласмани и депозити | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|

| позиција | набавна цена | позитивна вредност на датумот на извештајот | негативна вредност на датумот на извештајот | учество во имотот на фондот (%) | учество во обврските (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно деривативни инструменти | | | | | |

| позиција | колатерал ISIN | номинална вредност | вредност на датумот на извештајот | учество во имотот на фондот (%) | вредност на колатералот |
|---|---|---|---|---|---|
| РЕПО ДОГОВОРИ (АКТИВА) | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно деривативни инструменти | | | | | |

ОБРАЗЕЦ 2

**СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ ПО ВИДОВИ ИМОТ НА ДЕН 24.05.2023 ГОДИНА**

**ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ - отворен инвестициски фонд**

**9100000000040**

| позиција | вредност на датумот на извештајот | учество во имотот на фондот (%) |
|---|---|---|
| акции | 0,00 | 0.00% |
| обврзници | 292.660.076,97 | 47,13% |
| останати хартии од вредност | 57.258.641,30 | 9,22% |
| пласамни и депозити | 236.096.837,10 | 38,02% |
| останати средства | 0,01 | 0,00% |
| пари и парични еквиваленти | 34.923.917,93 | 5,62% |
| **Вкупно средства** | 620.939.473,32 | 100,00% |
| деривативни инструменти | 0,00 | 0,00% |
| репо договори | 0,00 | 0,00% |



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

## 8. ЦЕЛНА ГРУПА НА ИНВЕСТИТОРИ ЗА КОИ Е НАМЕНЕТО ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ОВОЈ ОИФ СОГЛАСНО МОТИВИТЕ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ И ИНВЕСТИЦИСКИОТ ХОРИЗОНТ, ПОЗНАВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И ТОЛЕРАНЦИЈАТА НА РИЗИКОТ ОД ВЛОЖУВАЊЕТО

Според инвестициската стратегија Фондот е првенствено наменет за инвеститори кои не сакаат своите средства да ги изложат на висок ризик, ценовни осцилации и кои во релативно пократки рокови сакаат да остварат атрактивен принос на своите средства. Како инвеститори на Фондот може да се јават сите домашни и странски, правни и физички лица како и специфични финансиски институции, кои имаат цел да менаџираат со својата тековна или среднорочна ликвидност.

Главни мотиви за инвеститорите во Фондот се:

- ✓ пресметка на принос на дневно ниво;
- ✓ диверзификација на портфолиото во повеќе сигурни финансиски инструменти;
- ✓ атрактивен принос во однос на ависта камата во банките во Р.С.М.;
- ✓ транспарентно следење и достапност на вложените средства во секој момент.

Овој фонд е подобен за инвеститори со краткорочен временски хоризонт на инвестирање.

## 9. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ГОДИНА

Фискалната година трае од 1. (први) Јануари до 31. (триесет и први) Декември.

## 10. ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

Проспектот е донесен на ден 25.05.2023 година, а истиот важи од денот на добивање согласност од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

# II ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

## 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО.

Фирмата на Друштвото гласи: Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје. Скратениот назив на фирмата гласи: ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје.

Во надворешниот промет Друштвото ќе настапува под името: WVP Fund Management

Седиштето на Друштвото е во Скопје, на ул.,,В.Главинов’’ Бр.14 - 1/8, Скопје, Центар.



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

Матичен број на Друштвото е 6983120.

Друштвото е основано на ден 13.08.2014 година, на неопределен време, по добивањето на Решението за давање одобрение за основање број УП 1 08-67 од 19.09.2014 година издадено од Комисијата за хартии од вредност.

Во Централниот регистар е запишано на ден 26.09.2014 година под број 30120140031414.

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ СО КОИ УПРАВУВА

| Вид на инвестицискиот фонд | Назив на инвестицискиот фонд | Датум на започнување со управување | Висина на нето вредност на имотот на фондот | Број на сопственици на удели | Број на удели во оптек | Нето вредност на уделот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Отворен инвестициски фонд | ВФП Премиум Акции - отворен инвестициски фонд; | 04.12.2014 | 2.910.353.843,50 | 5.621 | 19.144.424,2362 | 152,0210 |
| Отворен инвестициски фонд | ВФП Кеш Депозит - отворен инвестициски фонд | 04.12.2014 | 619.180.930,76 | 1.232 | 5.367.073,1211 | 115,3666 |
| Отворен инвестициски фонд | ВФП Бонд - отворен инвестициски фонд | 17.01.2017 | 330.037.080,97 | 543 | 2.974.792,3779 | 110,9446 |
| Отворен инвестициски фонд | Граве Глобал - отворен инвестициски фонд | 13.05.2019 | 60.564.051,26 | 17 | 482.551,7893 | 125,5079 |
| Отворен инвестициски фонд | ВФП Дивиденда Акции- отворен инвестициски фонд | 29.12.2020 | 356.595.116,20 | 310 | 2.916.762,1201 | 122,2572 |
| Отворен инвестициски фонд | Граве Флекс Бонд Евро – отворен инвестициски фонд | 30.01.2023 | 304.559.737,21 | 6 | 3.078.076,7641 | 98,9448 |

*Податоците во табелата се прикажани со датум 24.05.2023*

## 3. ЧЛЕНОВИ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО:

Мандатот на членовите на Одборот на друштвото согласно статутот на Друштвото трае 3 години од денот на именување. Мандатот на сегашниот состав на Одбор на директори трае до 17.02.2024 година. Против ниту еден член на Одборот на директори нема изречено прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управувањето со средства и инвестирање, управувањето со пензиски фондови или други финансиски



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

услуги во последните пет години, ниту пак бил член на Одбор на директори, односно управен и надзорен одбор на правно лице против кое е поведена предстечајна, стечајна или ликвидациона постапка во последните пет години.

Членовите на Одборот на директори ги извршуваат следните други активности значајни за Друштвото, надвор од работењето на Друштвото:

Руперт Штробл-Претседател на Одбор на директори:

Извршен директор во: WVP Versicherungs-Vermittlungs GmbH, Graz; GVPlan Beteiligungsverwaltung GmbH, Graz; WVP Immobilien GmbH, Graz; DOO za zastupanje u osiguranju ‘WVP’ Budva

Претседател на одбор на директори во: AFB Allgemeine Finanzberatungs AG, Graz; WVP a.d. Srbija, Novi Sad; WVP Fund Management AD Beograd; WVP Fund Management AD Banja Luka; WVP Fund Management Tirana Sh.A; Акционерско осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје

Член на одбор на директори во: WVP AD Banja Luka; WVP ndermjetesim ne sigurime Sh.A. Tirana

Петар Андреевски - Извршен член на Одбор на директори - Главен извршен директор:

Член на надзорен одбор во: WVP Fund Management AD Beograd; Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Член на управен одбор (неизвршен член): WVP Fund Management AD Banja Luka

Андријана Поповска: Извршен член на Одбор на директори - Извршен директор

Друштво за управување со доброволни пензиски фондови ВФП Пензиско друштво АД Скопје - Одговорно лице за управување со ризици

Блаже Петрески – Неизвршен член на одбор на директори

Акционерско осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје - Извршен член на одбор на директори
**Петар Андреевски – Главен извршен директор на Друштвото**:

Роден на 29.07.1985 година. Дипломирал на факултетот за Електротехника и информациски технологии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј‟, насока информатика и компјутерско инженерство. Поседува лиценца за осигурителен брокер издадена од Агенцијата за супервизија на осигурување. Посетувал бројни специјализирани обуки и семинари во областа на менаџмент, осигурување, продажба, комуникациски вештини и реторика во Австрија, САД, Хрватска и Македонија.



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

Учествувал во бројни интерактивни настани за обука на соработниците на ВФП АД Скопје, при што има одржано стручни предавања на темите осигурување, продажба и комуникациски вештини.

Од 2004 година работи како консултант за WVP Versischerungsvermittlung GmbH Graz.

Во 2008 година е ко-основач на брокерската куќа ЕУРОХАУС АД Скопје, членка на Македонската берза за хартии од вредност. Во оваа компанија ја извршува функцијата на менаџер за развој, стратешки менаџмент и аквизиција на големи клиенти.

Во 2010 се вработува како осигурителен брокер во осигурително брокерско друштво ВФП АД скопје и е еден од најуспешните брокери.

Во 2012 година е прогласен за најдобар менаџер за продажба во групацијата - WVP Group која е присутна во 17 држави во Европа

Во 2017 година е именуван за Член на надзорен одбор во новоформираното друштво за управување со инвестициски фондови во Р. Србија WVP Fund Management AD Beograd, а во 2019 година е именуван член на управен одбор во WVP Fund Management AD Banja Luka, друштво за управување со инвестициски фондови со седиште и деловна активност на територијата на Р. Босна и Херцеговина.

Во последните пет години е акционер во акционерските друштва: ВФП АД Скопје и WVP Fund Management AD Beograd.

Поседува сопствено учество во основната главнина на Друштвото 78.750 обични акции со право на глас кои претставуваат 10% од вкупниот сопственички капитал.

**Андријана Поповска – Извршен директор на Друштвото**

Родена на 05.11.1993 година во Битола, Македонија, каде го завршува основното и средно образование со континуиран одличен успех.

По завршувањето на средно образование во 2012 година, се определува за Институтот по мeтематика при Природно- математички факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”, насока Теориска математика, како соодветен избор каде ќе може да го прошири и продлабочи своето знаење и интерес кон математиката. По две години, покажува особен интерес кон финансиската математика, статистички модели и веројатност, по што запишува дополнителна насока – математичка економија.

Како студент била директен учесник на неколку конференции од областа на осигурување и актуарство.

Успешно дипломира во 2017 година, на тема ,, Искуствено утврдување на математичка резерва во неживотно осигурување со помош на Chain Ladder метод” со што се стекнува со звање Дипломиран математичар и Дипломиран инженер по математичка економија.



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

Кон крајот на последната академска година, ја започнува својата пракса во Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје, каде по три месеци обавена пракса на 21.03.2017 станува дел од тимот на ВФП Фонд Менаџмент.

До момент на пишување, работи во ВФП Фонд Менаџмент на позицијата Портфолио менаџер за отворените инвестициски фондови, каде е задолжена за управување со портфолиото фондовите паралелно придржувајќи се до инвестицискиот профил, ризик и поставената структура на вложување на фондот, изготвување на стручни анализи за остварените и потенцијални приноси и ризици на пазарите на капитал и редовна комуникација со клиентите.

Во ноември 2018 успешно ја завршува едногодишната сертифицирана програма за управување со ризици при Академија за банкарство и информатички технологии во Скопје, завршен проект ,,Анализа на ризиците кои се појавуваат при управување со портфолио од хартии од вредност", при по што се стекнува со титулата Certified Risk Manager (CRO).

На 27.12.2019 со решение број 09-1414/1 издадено од Комисија за хартии од вредност на Р.С. Македонија се стекнува со лиценца за инвестициски советник, по претходно положување на стручниот испит за инвестициско советување.

Во мај 2022 успешно го положи првиот дел од светски реномираната лиценца за управување со ризици FRM – Financial Risk Manager, како дел од GARP (Global Association of Risk Professionals) институтот.
Постојано ги подобрува и проширува своите знаења и вештини преку присуство на бројни конференции од областа на управување со средства и управување со ризици.

**М-р Руперт Стробл – Претседател и неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото:**

Роден на 30.08.1954 година во Грац, Австрија е магистер на Социјални и Екномски студи при Универзитетот во Грац. Неговата работна кариера ја започнува како економист во Комората за Вработување во Грац, за потоа да работи во осигурителната компанија Wiener Städtische AG.

Од 1986 година е вработен во WVP Versischerungsvermittlung GmbH Graz и од 1989, до денес ја извршува функцијата Генерален Директор на целата Групација, WVP Versischerungsvermittlung GmbH.

Маг. Стробл има повеќе од 25 години искуство на инвестирање на светските берзи. Тој е задолжен за инвестиционата политка на приватниот инвестициски фонд WVP Invest Vermögensverwaltung GmbH & Co.KEG, каде што од 1996 до 2014 година успешно управува со капитал од 25 милиони евра и остварува просечен годишен нето принос од 7.5% за нивните инвеститори. Овој успех е резултат на конзервативната стратегија на



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

инвестирање - купување на "Blue Chips" - големи и сигурни компании по атрактивна цена кои и за време на економска рецесија прават добра добивка и им исплатуваат дивиденда на инвеститорите.

М-р Руперт Стробл е претседател на одборот на директори на ВФП Осигурително брокерско друштво АД Скопје како и во одбор на директори на сите компании ќерки на WVP GmbH Graz Групацијата.

Во последните 5 години бил малцински акционер во акционерските друштва: ВФП АД Скопје, WVP Fund Management AD Beograd, WVP Fund Management AD Beograd, WVP Fund Management Tirana Sh.A, Johnson & Johnson, Procter & Gamble, Pepsi Cola, Microsoft, Oracle, Nestlé, Roche, Samsung, Hyundai, Daimler, BASF, Allianz, Deutsche Telekom, Münchner Rück, Siemens, VIG, OMV, Lukoil.

Поседува сопствено учество во основната главнина на Друштвото 21.000 обични акции со право на глас кои претставуваат 4% од вкупниот сопственички капитал.

**Блаже Петрески – неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото:**

Роден на 27.11.1973 година, со завршено високо образование, Дипломиран економист, насока Финансиско – сметководствен менаџментна Економски факултет Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј.

Има над 30 години работно искуство. За Групацијата ВФП работи над 15 години, односно прво ја извршувал функцијата управител на ВФП ДОО Скопје, за во 2006 година по трансформација на истоименото друштво во акционерско друштво - ВФП АД Скопје да биде назначен за извршен директор која функција ја извршува и до денес.

Успешно раководи со ВФП АД Скопје која е една од најуспешните осигурителни брокерски друштва во Р. Северна Македонија во која работат 60 осигурителни брокери.

Поседува лиценца за осигурителен брокер издадена во 2006 година од Агенцијата за супервизија на осигурување и е еден од првите лиценцирани брокери во областа на осигурувањето во Р. Северна Македонија.

Во последните 10 години учествувал на многу интерактивни настани за обука на соработниците на ВФП АД Скопје и има одржано стотици стручни предавања на темите осигурување, продажба, комуникациски вештини и мотивација како негова специјалност.

Како потврда на успешноста, искуството и посветеноста многу пати е наградуван како еден од најуспешните менаџери во групацијата.

Петрески е извршен член на одборот на директори на ВФП АД Скопје, дел од групацијата WVP Versischerungsvermittlung GmbH Graz.

Лицето е акционер во последните 5 години во следните друштва: ВФП АД Скопје.

Поседува сопствено учество во основната главнина на Друштвото 15.750 обични акции со право на глас кои претставуваат 3% од вкупниот сопственички капитал.

**М-р Вили Стефан Сајбл- неизвршен и независен член на Одборот на директори на Друштвото:**

Роден на 05.06.1947 година во Грац, Австрија е магистер на Социјални и Економски студи при Универзитетот во Грац. Има работно искуство преку 40 години во областа на осигурување, финансии и претприемништво. Како млад бил активен во социјалната и економската сцена на Австрија и неговата кариерата ја започнал од 1972 во Австрискиот Парламент, каде што за четири години максимално ги подржувал и придонесувал во прилог на стопанските комори на Австрија.

Од 1976 бил извршен директор на "Infra-Bau" Group, градежна компанија со голем број на вработени во која бил задолжен за водење на целата компанија.

Во 1983 година се вработува во Wiener Städtische AG на позиција регионален директор, каде што се стекнува со вештини за менаџирање со човечки ресурси и има изворедни резултати. Бизнисот со осигурување му овозможува многу добри финансиски резултати, поради што и почнува да се шири во бизнисот на недвижнини и инвестирање во компании кој котираат на светските берзи.

Во подоцнежната професионална кариера лицето е сопственик на повеќе фирми од различни дејности како што се осигурување, градежништво, недвижнини и други дејности од финансискиот сектор.

Лицето не поседува акции во Друштвото и во последните 5 години не бил малцински акционер во други акционерски друштва.

## 4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИОНЕРИ КОИ ИМААТ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ДРУШТВОТО

| Име и презиме, односно фирма и седиште на акционерите | Број на акции | Учество во вкупниот број на акции со право на глас во Друштвото (во %) |
|---|---|---|
| ВФП осигурително брокерско друштво АД Скопје, Загребска 28 Б, локал 19, Скопје, Македонија | 341.250 | 65% |
| Петар Андреевски, роден на 29.07.1985, Куманово, Македонија | 89.250 | 17% |



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

| | | |
|---|---|---|
| ВКУПНО: | 430.500 | 82% |

**5. НАЗИВ, СЕДИШТЕ И МАТИЧЕН БРОЈ, ДАТУМ НА ОСНОВАЊЕ И НЕГОВ УПИС ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ЗА СЕКОЕ ДРУШТВО КОЕ ДЕЛУВА КАКО СОВЕТНИК НА ОИФ-ОТ, КАКО И ИМЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ИЛИ ДРУГИТЕ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ТИЕ ДРУШТВА**

Друштвото нема ангажирано советник на отворениот инвестициски фонд.

**6. БИТНИ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ СО ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ ВО УДЕЛИТЕ**

Освен одредбите ог глава III на овој Проспект, кои се однесуваат на работите кои ќе ги извршува Депозитарната банка, составен дел на Депозитарниот договор се и следните одредби кои може да се од значење за инвеститорите:

✓ Банката извршувајќи ги своите обврски, ќе делува независно и исклучиво во интерес на сопствениците на уделот во Фондот

✓ Банката кај Комисијата го пријавува секое кршење на одредбите од Законот за инвестициски фондови, подзаконските акти, Статутот и Проспектот на Фондот

✓ Банката, имотот на Фондот го води на посебни сметки, вклучувајќи ги и хартиите од вредност, банкарските сметки или друг имот

✓ Банката нема да го користи имотот на Фондот за вршење на трансакции за сопствена сметка или за остварување на било какви користи за себе и своите вработени, освен во корист на сопствениците на удели

✓ Банката нема да го користи имотот на Фондот за извршување на своите побарувањата. ниту пак имотот на Фодот влегува во имотот на Банката ниту во ликвидационата или стечајната маса

✓ Банката по налог од Друштвото, во име на Фондот отвора посебни парични сметки кај себе преку кои ќе врши платен промет во земјата и во странство

✓ За средствата на Фондот надвор од територијата на Република Северна Македонија, Банката избира суб-депозитарни банки за чување на тие средства согласно законска и подзаконска регулатива со кои склучува договор во кој попрецизно се регулираат меѓусебните права и обврски



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

✓ Банката е одговорна пред Друштвото, за штетата настаната од неврешење или неправилно вршење на работите од страна на Банката дефинирани во овој Договор и согласно Закон, согласно принципот на докажана вина

✓ Друштвото и Банката евентуалната штета која настанала како резултат на неизвршување или несовесно извршување на обврските кои се дефинирани во Договорот, а за кои е одговорна било која од договорните страни, ја надоместуваат кон субјектот на кого му е причинета штетата вклучувајќи ги и Фондот. Надоместокот на штетата не може да ја надмине стварната вредност на причинетата штетата

✓ Депозитарната банка и Друштвото се должни да ги чуваат како деловна тајна податоците за сопствениците на удели во Фондот, како и податоците за уплатите и исплатите на вложувачите
Друштвото ја надоместува штетата на Банката и ќе се грижи да не настане штета како резултат на било какви трошоци, барања, загуби, даноци и други работи за кои Депозитарната банка или нејзини овластени претставници стануваат одговорни, а кои се директна или индиректна последица на несоодветно известување добиено од страна на Друштвото, како и било какво побарување, загуба или одговорност која настанува како резултат на неисполнување на обврските и должностите на Друштвото или лицата овластени за застапување на Друштвото.

## 7. ДРУГИ ВАЖНИ АКТИВНОСТИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

Основната главнина на Друштвото изнесува 525.000,00 евра односно во денарска противвредност по среден курс на НБРМ во износ од 32.389.823,00 денари, а се состои од парични влогови.

Друштвото има единствен предмет на работење - основање и управување на отворени инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови со кои управува. Оваа дејност опфаќа:

- управување со имотот на инвестициските фондови;

- рекламирање на инвестициските фондови и продажба на удели во отворените инвестициски фондови;

- административни работи кои се однесуваат на:
  - на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи;
  - воспоставување и одржување на односи со вложувачите;
  - утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд и пресметка на цената на уделот;
  - усогласување на работењето на Друштвото со законите и други прописи;
  - објавување и известување на сопствениците на удели;
  - распределба на добивката на инвестицискиот фонд;
  - издавање и откуп на удели во отворените инвестициски фондови и



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;
WVP FUND MANAGEMENT

– водење регистар на сопствениците на удели.

Друштвото има дозвола да врши и работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио, како и работи на инвестиционо советување на клиенти.

Друштвото не смее извршувањето на работите наведени во точката 1 да го пренесе на трето лице. По исклучок Друштвото може да пренесе извршување на работи наведени во точките 2 и 3 на трети лица само по претходна согласност од Комисијата.
Друштвото е одговорно за вршење на дејноста во согласност со Законот и подзаконските прописи, актите на Друштвото, како и актите на инвестициските фондови.

Друштвото е акционер во друштва за управување со инвестициски фондови во Р. Албанија, Р. Србија, Република Босна и Херцеговина и Република Црна Гора. Учеството во сопственоста на друштвото во Р. Албанија изнесува 51% од основната главнина, во Р. Србија учествува со 30% од основната главнина, во Р. Босна и Херцеговина со 25% од основната главнина и во Република Црна Гора со 9,5% од основната главнина.

Исто така во иднина планирано е проширувње на дејностите преку отворање на нови друштва за управување со инвестициски фондови и во други земји од регионот (Бугарија). За финансирање на ваквите активности ќе се користат идните добивки кои ќе се генерираат од работењето на ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје.

## 8. ЛИСТА НА ЛИЦАТА СО КОИ ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ АКТИВНОСТИ;

На основа на член 8 став 2 од Законот и Правилникот за начинот, постапката и видот на активности кои може друштвото за управување со инвестициски фондови да ги пренесе на трети лица (Сл. весник на Република Македонија бр. 115/2009), а по претходно добиена согласност од Комисијата, Друштвото има пренесено извршување на активности на:
1. Друштво за консалтинг, услуги и промет Екстра Консалтинг ДОО Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 30/3, Скопје-Центар, претставувано од управителот Зоран Ковачевски.
Наведеното правно лице е овластено да извршува административни работи кои се однесуваат на водењето на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи за сметка на Друштвото.

## 9. ЛИСТА НА ПОДРУЖНИЦИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

Друштвото има основано една подружница на територијата на Р. Северна Македонија.

Подружницата работи под назив: Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје – Подружница Тетово, со седиште: Ул.Илинденска



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

бр.18А/2-1, кат 6, Тетово, Република Северна Македонија и овластено лице - Агрон Мустафи.

## 10. МЕСТОТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ДРУШТВОТО

Увид во општите акти на Фондот и бесплатен примерок на Статутот на Фондот може да се добијат во седиштето на Друштвото на ул.,,В.Главинов'' Бр.14 - 1/8, Скопје, Центар, секој работен ден од 09:00 до 17:00 часот. Исто така, овие документи можат да бидат преземени од интернет страницата на Друштвото.

## III ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА

Фирма и седиште на депозитарната банка и број на решението со кое се одобрува изборот на депозитарната банка издадено од Комисијата за хартии од вредност; предмет на работење, согласности и дозволи врз основа на кои работи и потенцијалниот судир на интереси  кој може да се појави.

Депозитарна банка на Фондот (во натамошниот текст: Банката) е:

Комерцијална банка АД Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр. 3, 1000 Скопје.

Банката е регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија под даночен број 4030989254937, ЕМБС 4065573 со седиште на територијата на Република Северна Македонија и има добиено согласност од Народната Банка на Република Северна Македонија за вршење на активноста чувар на имот: Решение бр.2064 од 24.03.2008 година. Изборот на Банката за депозитарна банка на Фондот е одобрен со Решение од Комисијата за хартии од вредност број УП 1 08-95 од 18.11.2014

Друштвото и Банката при извршувањето на своите обврски мораат да дејствуваат независно и исклучиво во интерес на сопствениците на удели и ќе настојиваат да го избегнат секаков можен судир на интереси.

Банката, покрај чувањето на имотот на Фондот, ги врши и следниве работи утврдени со Законот:

- ✓ Проверка дали издавањето и откупот на удели за сметка на Фондот се врши согласно со Законот и правилата на Фондот;



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

✓ Проверка дали пресметката на нето вредноста на уделите во Фондот е во согласност со законската регулатива и важечките прописи, како и Статутот и Проспектот на Фондот;

✓ Ги извршува налозите од Друштвото во врска со трансакциите со хартиите од вредност и друг имот кој го сочинува портфолиото на Фондот, под услов да не се во спротивност со Законот, прописите донесени од Комисијата, со Проспектот и/или Статутот на Фондот;

✓ Осигурува дека трансакциите со хартиите од вредност ќе бидат намирени, односно достасаните парични побарувања ќе бидат наплатени во законските или договорените рокови;

✓ Го известува Друштвото за активностите кои се однесуваат на имотот на Фондот и ги извршува неговите налози;

✓ Ги наплатува сите приходи и други права кои достасуваат во корист на Фондот, а кои произлегуваат од неговиот имот;

✓ Осигурува приходите на Фондот да се користат во согласност со Законот, Статутот и Проспектот на Фондот, а трошоците кои ги плаќа Фондот да се во согласност со одредбите од Законот и условите од Статутот и Проспектот на Фондот;

✓ Извршува други работи кои се предвидени со депозитарниот договор меѓу Друштвото и Депозитарната банка;

✓ Води евиденција на работењето кое го врши како Депозитарна банка, за секој фонд поединечно и редовно ја усогласува со евиденцијата на Друштвото;

✓ Го пријавува до Комисијата секое кршење на одредбите од Законот;

✓ На ревизорите и на другите лица овластени да вршат увид, вклучувајќи ја и Комисијата, им овозможува пристап до податоците и до сметките поврзани со инвестициските фондови и нивниот имот;

✓ Отвара сметки за потребите на Фондот во Банката и во Централниот депозитар за хартии од вредност;

✓ Уплатува на посебна сметка парични средства од продажбата и откупот на удели во Фондот;

✓ Отвара посебни сметки за парични средства кај банки и сметки за хартии од вредност кај депозитари за хартии од вредност во земјата и во странство и/или суб-депозитарна банка во странство;



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

✓ Ги чува документите за порамнување во врска со уплатите и исплатите на/од сметките за парични средства и сметките за хартии од вредност на Фондот;

✓ Прави пресметки и поднесува барања за намалување, ослободување, поврат и плаќање на данок;

✓ Врши корпоративни активности за Друштвото (известување за акционерски собранија и други ценовно чувствителни информации, како и права поврзани со акциите и другите хартии од вредност кои се чуваат);

✓ Во случај да не може да се спроведе ликвидација на Фондот од страна на Друштвото поради причини наведени во Законот, Банката спроведува ликвидација на Фондот согласно Законот.

Во случај кога Фондот има средства надвор од територијата на Република Северна Македонија, Банката избира и суб-депозитарна банка за чување на тие средства, која е банка или специјализирана депозитарна институција со дозвола за работа издадена од надлежен орган во земја надвор од Република Северна Македонија и е овластена за таква дејност согласно законите на државата каде ќе се врши чување на средствата на Фондот.

Банката во свое име, а за сметка на сопствениците на удели, ги остварува нивните побарувања спрема Друштвото. Тоа не го исклучува правото на сопствениците на удели сами да ги остваруваат своите побарувања.

Банката е одговорна пред Друштвото и пред сопствениците на удели во Фондот за штетата која евентуално би произлегла од невршење или неправилно вршење на работите утврдени во Договорот со депозитарната банка.

Комерцијална банка АД Скопје дејноста на депозитарна банка ја извршува самостојно во рамките на Сектор за ликвидност и финансиски пазар и нема склучено договор за пренесување на активностите на трето лице.

Изјава: Сите ажурирани податоци од оваа глава, ќе им бидат дадени на увид од страна на Банката на барање на сите инвеститори во удели во Фондот.

Антигона Буклеска-Младеновиќ
Директор на сектор за ликвидност и финансиски пазар

Antigona Bukleska-Mladenovikj

Digitally signed by Antigona Bukleska-Mladenovikj
Date: 2023.05.30 15:55:55 +02'00'



Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
ул. Васил Главинов бр. 14-1/8, 1000 Скопје, Македонија;
Тел. (факс) 02 32 800 82; www.wvpfondovi.mk; contact@wvpfondovi.mk;
ЕМБС: 6983120;

## IV ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

### 1. ИЗЈАВА НА ЛИЦАТА ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

"Изјавуваме дака, според нашите уверувања и во согласност со нашите сознанија и податоците со кои располагаме, податоците наведени во Проспектот се веродостојни, потполни и точни и дека во Проспектот се наведени сите потребни информации врз основа на кои вложувачите можат да добијат правилна претстава за отворениот фонд и врз основа на кои можат да донесат правилна одлука за вложување или не во удели на отворениот инвестициски фонд, а особено да добијат претстава за ризиците кои се поврзани со инвестицискиот фонд и неговото портфолио.

Петар Андреевски
Главен Извршен директор
PETAR ANDREEVSKI Digitally signed by PETAR ANDREEVSKI Date: 2023.05.31 11:59:01 +02'00'

Андријана Поповска
Извршен директор
Andrijana Popovska Digitally signed by Andrijana Popovska Date: 2023.05.31 11:48:18 +02'00'

М-р Руперт Стробл
Претседател на Одборот на директори и неизвршен член
Rupert Strobl Digital unterschrieben von Rupert Strobl Datum: 2023.05.29 20:20:43 +02'00'

Блаже Петрески
Неизвршен член на Одборот на директори
Blazhe Petreski Digitally signed by Blazhe Petreski Date: 2023.05.31 12:00:57 +02'00'

М-р Вили Стефан Сајбл
Независен и неизвршен член на Одборот на директори
Stefan Willi mag Sajbl Digitally signed by Stefan Willi mag Sajbl Date: 2023.05.31 12:01:30 +02'00'

### 2. ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ВО ДРУШТВОТО

ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ВО ДРУШТВОТО

Петар Андреевски –Главен извршен директор ................................. тел. + 389 2 32 80 082
Андријана Поповска – Извршен директор ........................................ тел. + 389 2 32 80 082